View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository





KNOWLEDGE

# *INTERNATIONAL JOURNAL*

# *SCIENTIFIC PAPERS*

# *VOL 15.1*

***16-18 December, 2016***

***Bansko, BULGARIA***

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**

**SKOPJE, MACEDONIA**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 15.1

**EDITORIAL BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Predrag Trajković PhD, Jove Kekenovski PhD, Svetlana Trajković PhD, Zivota Radosavljević PhD, Margarita Koleva PhD, Mile Matijević PhD, Nonka Mateva PhD, Rositsa Chobanova PhD, Aleksandar Nikolovski PhD, Marija Knezević PhD, Snežana Miličević PhD, Irina Singaveskaya PhD, Dzulijana Tomovska PhD, Oliver Dimitrijević PhD, Nedzat Koraljić PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Nikolina Ognenska PhD, Dimitrija Popovski PhD, Lisen Bashkurti PhD, Tome Naumov PhD, Trajce Dojcinovski PhD, Jana Merdzanova PhD, Zoran Srzentić PhD, Nikolai Sashkov Cankov PhD

**Preparing and correction:** Liljana Pushova

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**For editor**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE**

**International Journal Scientific Papers Vol. 15.1**

**ISSN 1857-92**

## SCIENTIFIC COMMITTEE

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD

- Prof. Robert Dimitrovski PhD, Faculty of Management, MIT University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Dean, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Paul Sergius Koku PhD, Florida Atlantic University (USA)
- Prof. Cesar Birzea PhD, University of Bucharest (Romania)
- Prof. Rosica Cobanova PhD, Bulgarian Academy of Sciences (Bulgaria)
- Prof. Aleksandar Nikolovski PhD, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Predrag Trajkovic PhD, JMPNT, (Serbia)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO , Bitola (Macedonia)
- Prof. Sasho Korunoski, Dean, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Cvetko Andreevski, Vise rector, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Margarita Koleva PhD, Dean, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Aleksandar Donchev, MIT University, Faculty of Law, Skopje (Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovic, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Ljupco Naumovski PhD, Forum for Mobility and Research, Bitola (Macedonia)
- Prof. Oliver Iliev PhD , Faculty of Communication and IT, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Dimitrija Popovski PhD, Faculty of Sport, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Ilija Nasov PhD, Research and Development center PLASMA, Skopje (Macedonia)
- Prof. Sashko Plachkov PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ivan Petkov PhD, Rector, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)

- Prof. Vladimir Lazarov PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Tosko Krstev PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Antoanela Hristova PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev, PhD, Dean, Faculty for economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
-Prof. Isa Spahiju PhD, International Balkan University (Macedonia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of law, Kragujevac (Serbia)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Sasha Kicoshev PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics , University of Novi Sad , Subotica (Serbia)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Zoja Katru PhD, Prorector, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof. Mustafa Kacar PhD, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolver Hampton, (United Kingdom)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Baki Koleci PhD , University Hadzi Zeka , (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, (MNE)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)

- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof. Nedjad Korajlic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina) - Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of law University of Kragujevac (Serbia)
- Doc. Tatyana Sobolieva PhD, State Higher Education Establishment Vadiym Getman Kiyev National Economic University, Kiyev (Ukraine)
- Prof. Svetlana Trajkovic PhD, High School of applied professional studies, Vranje (Serbia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus – Faculty of Management, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Rumen Stefanov, PhD, Dean, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, Dean, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Snezana Stoilova, PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola(Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Vasil Zecev PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Nikola Bozkov PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Vasil Pehlivanov PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Erzika Antic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Jelena Stojanovic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Doc. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Doc. Marija Kostić PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Sandra Živanović PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Snežana Milićević PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Nebojsa Pavlovic PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)

## ORGANIZING COMMITTEE

- Robert Dimitrovski PhD, Faculty of Management, MIT University, Skopje (Macedonia)
- Venelin Terziev PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Snežana Milićević PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
-Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade (Serbia)
- Evdokia Petkova, South West University "Neofit Rilski", Blagoevgrad (Bulgaria)
- Marios Miltiadou, PhD, Aristotle University of Thessaloniki (Greece)
- Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Ana Dzumalieva PhD, South-West University "Neofit Rilski", Blagoevgrad (Bulgaria)
- Georgi Georgiev PhD, National Military University "Vasil Levski", Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Isa Spahiu PhD, International Balkan University (Macedonia)
- Suzana Samarxiu, PhD, University "Aleksandar Moisiu", Durres (Albania)
- Violeta Dimova, PhD, University "Goce Delcev", Stip (Macedonia)
- Mirjana Borota – Popovska, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Izet Zeqiri, PhD, South East European University, Tetovo (Skopje)
- Ekaterina Arabska, PhD,Vasil Levski National Military University, Veliko Tarnovo (Bulgaria)
- Nebojsa Cvetanovski, PhD, MIT University, Skopje (Macedonia)
- Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)

## Contents

CONTEMPORARY KNOWLEDGE MANAGEMENT ........ 19
Paul Sergius Koku, Ph.D ........ 19
EMPLOYEES ATTITUDES AND EXPECTATION OF YOUNG PROFESSIONALS IN BULGARIA (AN EMPIRICAL SURVEY) ........ 23
Todor Krastevich, Ph.D ........ 23
DEVELOPMENT OF SME'S FOR REDUCING UNEMPLOYMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ........ 33
Robert Dimitrovski, PhD ........ 33
Venelin Terziev, PhD ........ 33
Laste Spasovski, PhD ........ 33
Liljana Pushova, MSc ........ 33
DISCUSSING ORGANIC PRODUCTION IN THE CONTEXT OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT ........ 41
Venelin Terziev, ........ 41
INQUIRY-BASED SCIENCE EDUCATION (IBSE) - GOOD PRACTICES ........ 47
Dragomir Marchev Ph.D ........ 47
Nataliya Pavlova Dr.Sc ........ 47
Svetlana Nedelcheva Ph.D. ........ 47
INTRODUCING A CREDIT SYSTEM IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING ........ 53
Laste Spasovski, Ph.D ........ 53
Robert Dimitrovski, PhD ........ 53
Liljana Pushova, MSc ........ 53
METHODOLOGY ROIT - ASSESSMENT TOOLS FOR PRACTICAL APPLICATION OF THE KNOWLEDGE AND SKILLS PARTICIPATION OF UNEMPLOYED PEOPLE IN VOCATIONAL TRAINING COURSES ........ 61
Kamelia Petkova, PhD ........ 61
KNOWLEDGE AS A FACTOR OF ENDOGENEOUS GROWTH ........ 69
Slobodan Cvetanović, Ph.D ........ 69
Danijela Despotović, Ph.D ........ 69
PARAMETERS OF THE MANAGEMENT CULTURE AND COMPETENCES OF THE ADULT EDUCATION MANAGERS ........ 75
Viara Gyurova, DrSc ........ 75
KNOWLEDGE IN EU DEVELOPMENT STRATEGIES ........ 83
Jovan Bazic, Ph.D ........ 83
Mirjana Knezevic, Ph.D ........ 83
THE IMPORTANCE OF MANAGEMENT IN THE DUAL SYSTEM EDUCATION ........ 89
Semrija Smailović ........ 89
Elma E Zukorlić ........ 89
DECISION THEORIES AND THEIR IMPLICATIONS: UNDERSTANDING THE DYNAMICS OF DECISION-MAKING ........ 95
Juliana Osmani, Ph.D ........ 95
ON THE AMENDMENTS TO THE INTERNATIONAL FINANCIAL REPORTING STANDARDS RELATING TO THE FINANCIAL REPORTING OF FINANCIAL ASSETS ........ 103
Radka Andasarova, PhD ........ 103

GOVERNMENT EXPENDITURES AND ECONOMIC GROWTH: AN EMPIRICAL EVIDENCE FOR WESTERN BALKAN COUNTRIES ..... 109
Luljeta Sadiku ..... 109
Liza Alili Sulejmani ..... 109
Snezana Bilic ..... 109
SOURCES OF FINANCING MARKETING STRATEGIES OF LARGE BH EXPORTERS ..... 115
Veldin Ovčina, PhD ..... 115
Armina Hubana, PhD ..... 115
THE CONNECTION OF CORPORATE GOVERNANCE AND FINANCIAL RESULTS ACHIEVED WITH THE STATED AUDIT OPINION ON THE FINANCIAL STATEMENTS ..... 121
Janka Dimitrova ..... 121
Krume Nikoloski ..... 121
Emilija Miteva-Kacarski ..... 121
MODERN TRENDS IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING IN THE WORLD AND US ..... 129
Laste Spasovski, Ph.D. ..... 129
Robert Dimitrovski, PhD ..... 129
Liljana Pushova, MSc ..... 129
DEVELOPMENT OF WOMEN ENTREPRENEURSHIP AND EDUCATION OF WOMEN ENTREPRENEURS ..... 135
Maja Vrbanac ..... 135
Ivana Stošić ..... 135
Goca Jovanović ..... 135
IMPLEMENTATION OF COMMUNICATION TECHNOLOGIES EXPRESSED BY E-BUSINESS IN ENTREPRENEURSHIP IN REPUBLIC OF MACEDONIA ..... 141
Mihajlovski Goran Ph.D ..... 141
Dojcinovski Trajce Ph.D ..... 141
Bojkovska Katerina Ph.D. ..... 141
Jankulovski Nikolce Ph.D ..... 141
INNOVATIVE TECHNOLOGIES IN EDUCATION AS MOTIVATION MECHNISM ..... 147
Evdokiya Petkova, PhD ..... 147
SIGNIFICANCE AND ROLE OF QUALITY STANDARDS OF TEXTBOOK AS A FACTOR IN BUILDING KNOWLEDGE ..... 153
Snežana Perišić ..... 153
SYSTEMATIZATION OF STUDENTS' KNOWLEDGE ON THE AMBIENT WORLD THROUGH MIND MAPS ..... 159
Snezhana Lazarova PhD ..... 159
STUDENT’S DEVELOPMENT FOR PRACTICAL AND LABORATORY SKILLS DURING EXPERIMENTATION ..... 163
Lorena Kelo ..... 163
Esmeralda Guliqani ..... 163
Sotiraq Marko ..... 163
KNOWLEDGE IN PRACTICE - ESP IN SPORTS SCIENCES AND E-LEARNING ..... 169
Danica Pirsl, PhD ..... 169

OFFSHORING AND OUTSOURCING IN CENTRAL AND EASTERN EUROPE: OPPORTUNITIES AND PERSPECTIVES ........ 175
Yordan Ivanov ........ 175
CAUSES FOR THE OCCURRENCE OF REVOLUTIONS ........ 183
Mitko Kotovcevski, PhD ........ 183
Suzana Kotovcevska, PhD ........ 183
MODERN CHALLENGES FOR THE MARITIME SECURITY OF THE REPUBLIC OF BULGARIA ........ 191
Vyara Zhekova, PhD ........ 191
Sabin Sabev, PhD ........ 191
FUNCTIONALITY OF THE SYSTEM OF PROTECTION AND RESCUE IN FLOOD MANAGEMENT IN THE SKOPJE REGION IN 2016 ........ 199
Mende Solunchevski, Ph.D ........ 199
Maja Timovska, Ph.D ........ 199
PRIORITIZATION OF COMMUNICATION IN SITUATION OF CRISIS ........ 207
Svetoslava Kovatcheva, Ph.D ........ 207
THE IMPORTANCE OF ORGANIZATIONAL LEARNING AND KNOWLEDGE TRANSFER FOR EFFICIENT DEFENCE AND SECURITY SYSTEM ........ 213
Gjorgji Veljovski, M.Sc. ........ 213
Metodija Dojchinovski, Ph.D ........ 213
THE ROLE OF KNOWLEDGE IN DISASTER RISK REDUCTION ........ 221
Maja Timovska, PhD ........ 221
Metodija Dojcinovski, PhD ........ 221
THE ROLE OF RELIGION IN EUROPEAN INTEGRATIONS – A CASE OF SERBIA ........ 227
Mile Rakic ........ 227
Hatidja Berisa ........ 227
INFORMATION PROTECTION STANDARDS AND SECURITY RISKS IN INFORMATION AND COMMUNICATION SYSTEMS: EXPERIENCES FROM THE REPUBLIC OF SERBIA ........ 233
Nemanja Deretić ........ 233
Dejan Obućinski ........ 233
COMPARATIVE-HISTORICAL ANALYSIS OF THE STUDY OF REVOLUTION ........ 241
Suzana Kotovcevska PhD ........ 241
Mitko Kotovcevski PhD ........ 241
CAUSAL RELATIONS IN EDUCATION BETWEEN SOCIAL AND ACADEMIC CORRUPTION FROM THE ASPECT OF THE ROLE OF EDUCATION AS A KEY PRECONDITION FOR THE DEVELOPMENT AND PROGRESS OF SOCIETY ........ 249
Mersad Mujević, PhD ........ 249
Safet Hoxha, PhD ........ 249
LAW REGULATIVE FOR INTERNATIONAL TRADE ARBITRATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ........ 257
Risto Rechkoski, Ph.D ........ 257
Nikola Mickovski, Ph.D ........ 257
ANALYSIS OF THE BULGARIAN CANNING ENTERPRISES’ REVENUES ........ 265
Rositsa Ivanova, Ph.D ........ 265
ANALITICAL REWIEW OF NATIONAL PUBLIC HEALTH SYSTEM IN USA ........ 271
Igor Tanturovski PhD ........ 271

DEVELOPMENT OF PROTOCOLS FOR DUTIES OF THE NURSE IN INTENSIVE CARE UNITS AND EVALUATION THE EFFECTIVENESS OF THEM ........................ 281
Valentina Lalova ........................ 281
Gergana Petrova ........................ 281
OFTALMOPATIA BILATERALIS AS UNUSUAL PRESENTATION OF A LONG TERM LOCALIZED HODGKIN'S LYMPHOMA ........................ 287
Irina Panovska-Stavridis ........................ 287
Liljana Hadzi-Pecova ........................ 287
Slavco Tosev ........................ 287
Marija Popova-Labacevska ........................ 287
EVALUATAION OF THE DIABETIC FOOT – WHY, WHEN AND HOW? ........................ 293
Slavcho Toshev ........................ 293
Lujza Grueva ........................ 293
Daniela Chaparovska ........................ 293
Irina Panovska ........................ 293
ON INTEGRATION - ACTUAL QUESTIONS, CHALLENGES AND TENDENCIES .... 299
Silvia Tzvetkova, Ph.D ........................ 299
Vihra Stoyanova ........................ 299
Petkana Hristova, Ph.D ........................ 299
Zoya Museva ........................ 299
ALGORITHM OF FUNCTIONAL RECOVERY AFTER ALOPLASTICA OF THE HIP JOINT ........................ 307
Hristo Georgiev Atanasov, PhD ........................ 307
COXARTHROSIS AS UNDERLYING DISEASE IN PATIENTS WITH PHYSIOTHERAPY AFTER ALLOPLASTICA OF THE HIP JOINT FRACTURE ........................ 311
Hristo Georgiev Atanasov, PhD ........................ 311
ASPECTS OF THE RESTORATION OF HARD DENTAL TEXTURE WITH VENEERS ........................ 315
Svetozar Yankov ........................ 315
Svetoslav Slavov ........................ 315
SERIOUS GAMES – INNOVATIVE APPROACH FOR SCREENING AND REHABILITATION OF COGNITIVE IMPAIRMENT ........................ 319
Antonia Yaneva ........................ 319
Nonka Mateva ........................ 319
PERSPECTIVES FOR APPLICATIONS OF NANOTECHNOLOGY AND NANOMATERIALS IN MEDICINE ........................ 323
Vaso Taleski ........................ 323
Milka Zdravkovska ........................ 323
Liljana Simjanovska ........................ 323
OPINION OF EMPLOYEES FROM MEDICAL UNIVERSITY OF PLOVDIV ON ASSURANCE OF OCCUPATIONAL SAFETY AND JOB SATISFACTION – PRELIMINARY RESULTS ........................ 327
Rositsa Dimova, PhD ........................ 327
Mariya Pavlova ........................ 327
THE ART OF COMMUNICATION IN RESOLVING CONFLICTS IN THE PROCESS OF EDUCATION AND TRAINING OF HEALTH CARE SPECIALISTS ........................ 331
Petya Kasnakova, PhD ........................ 331

GAMING ACTIVITY OF PUPILS WITH SPECIAL EDUCATIONAL NEEDS IN ORDINARY EDUCATIONAL ENVIRONMENT ........ 337
Rayna Stoycheva, PhD ........ 337
RISK BEHAVIOUR FACTORS AMONG STUDENTS AT THE AGE OF 14 – 18 YEARS IN RUSSE REGION ........ 343
Nikola Sabev, Ph. D. ........ 343
TRAINING IN CLINICAL IMMUNOLOGY AS A NECESSITY IN BACHELOR CURRICULUM OF MEDICAL LABORATORY ASSISTANT ........ 349
Rumyana Lokova ........ 349
Pavlina Teneva ........ 349
Krasimira Halacheva ........ 349
TRAINING IN PATHOLOGY IN MEDICAL UNIVERSITY – PLOVDIDV THROUGH THE EYES OF THE STUDENTS – 30 YEARS OF EVOLUTION OR STAGNATION? ........ 353
Iliya Bivolarski ........ 353
Desislava Bozhkova ........ 353
Vanina Mihaylova ........ 353
THE EDUCATIONAL FUNCTION OF CULTURAL COMMUNITY CENTER ........ 359
Dinko Gospodinov, PhD ........ 359
CHOICE OF CONTENTS OF LITERATURE IN PRIMARY AND SECONDARY EDUCATION EDUCATION – AN IMPORTANT ELEMENT AND PARADIGM IN THE EDUCATIONAL CURRICULUM ........ 365
Violeta Dimova, Ph.D ........ 365
Snezana Kirova M.A. ........ 365
Mahmut Celik, Ph.D ........ 365
REAL, IDEAL AND OUGHT SELF-CONCEPTS IN RELATION TO MEANING IN LIFE, REALITY AND SELF-DETACHMENT ........ 371
Margarita Bakracheva, Ph.D ........ 371
Manol Manolov ........ 371
“BABAM ÖĞRETMENDİ“THE STORY BY LÜTFÜ SEYFULLAH TELLS THE IMPORTANCE AND TEACHINGS OF THE GRANDFATHER IN THE FAMILY ........ 379
Mahmut Celik, PhD ........ 379
Alirami Ibraimi, M.Sc ........ 379
Imer Yusufi, M.Sc. ........ 379
PHONETICAL CHARACTERISTICS OF OHRİD TURKİSH DIALECT ........ 385
Aktan Ago, PhD ........ 385
LYRICS ELEMENTS IN THE EDIRNE FOLK SONGS WHICH ARE LOCATED IN THE TRT REPERTOIRE ........ 395
Yavuz Köktan, PhD ........ 395
POEMS FROM THE YUGOSLAVIAN'S POET FETTAH RAUF THREE POETS IN TURKEY:MEHMED ÂKİF-YAHYA KEMÂL-NECİP FAZIL ........ 403
Nazlı Rânâ Gürel Ph.D ........ 403
Mahmut Çelik Ph.D ........ 403
Zeki Gürel Ph.D ........ 403
TURKISH EDUCATION AND TEACHING IN BALCAN COUNTRIES ........ 413
Necati Demir Ph.D ........ 413
OPTIMIZATION OF SYSTEMS FOR MONITORING AND DISCLOSURE OF POPULATION IN RADIOACTIVE POLLUTION OF THE ENVIRONMENT ........ 423

# CHOICE OF CONTENTS OF LITERATURE IN PRIMARY AND SECONDARY EDUCATION EDUCATION – AN IMPORTANT ELEMENT AND PARADIGM IN THE EDUCATIONAL CURRICULUM

**Violeta Dimova, Ph.D**
Faculty of Philology, University „Goce Delchev“ – Stip, Republic of Macedonia
violeta.dimova@ugd.edu.mk
**Snezana Kirova M.A.**
Faculty of Philology, University „Goce Delchev“ – Stip, Republic of Macedonia
snezana.kirova@ugd.edu.mk
**Mahmut Celik, Ph.D**
Faculty of Philology, University „Goce Delchev“ – Stip, Republic of Macedonia
mahmut.celik@ugd.edu.mk

**Abstract:** When we talk about developmental processes in education it is obvious that the emphasis is placed first on introducing some new techniques, strategies, information and computer technology, which is good, but on the other hand, all this is just a function of cognitive processes in the development of a child/student. This can be seen in the positive campaign about learning and about how important knowledge is through advertisements in the media and especially according to the motto: *Knowledge is force, knowledge is power!* Somehow it seems that emotional and elements of upbringing are neglected, although some will say that the very word *education* "means" upbringing. For us this is a bit questionable, as we are of the opinion that firstly the curricula and the selection of their content play an important role in creating modern teaching, and then come the manners and methods by which the teaching of Macedonian language and literature is realized.
**Keywords:** Contents, literature, education, process

# ИЗБОРОТ НА СОДРЖИНИТЕ ПО ЛИТЕРАТУРА ВО ОСНОВНОТО И ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ВАЖЕН ЕЛЕМЕНТ И ПАРАДИГМА ВО ВОСПИТНО- ОБРАЗОВНИОТ КУРИКУЛУМ

**Проф. д-р Виолета Димова**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија
violeta.dimova@ugd.edu.mk
**М-р Снежана Кирова, виш лектор**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија
snezana.kirova@ugd.edu.mk
**Проф. д-р Махмут Челик**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија
mahmut.celik@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Кога се зборува за развојните процеси во образованието, очигледно е дека акцентот се става прво на воведувањето некои нови техники, стратегии, информатичко - компјутерски технологии, што е добро, но од друга страна, сето ова е само во функција на когнитивните процеси во развојот на детето/ученикот. Тоа го гледаме и од позитивната кампања во врска со учењето и колку е важно знаењето преку рекламите во медиумите и особено преку мотото, како што е: *Знаењето е сила, знаењето е моќ!* Некако се чини дека емотивните/воспитните елементи се запоставуваат, иако некои ќе речат дека самиот збор – образование го „подразбира“ воспитанието. За мене ова е малку дискутабилно, бидејќи сметам дека прво наставните програми и изборот на нивните содржини играат важна улога во креирањето на современа настава, а потоа и начините, методите со кои се реализира наставата по македонски јазик и литература.
**Клучни зборови:** Содржини, литература, образование, процес

## 1. КАКО СЕ ОРГАНИЗИРАНИ СОДРЖИНИТЕ ПО ЛИТЕРАТУРА ВО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА?

За да одговриме на прашањето за изборот на содржините по литература, најпрво треба, да се разгледаат Наставните програми по македонски јазик за основното и Наставните програми по македонски јазик и литература за средното образование, како официјални документи на Бирото за развој на образованието, при Министерството за образование и наука на РМ. Она што веднаш може да се забележи е тоа дека во насловот на наставната програма за основното образование отсуствува зборот *литература*, што имлицира „информација" дека се изучува <u>само</u> јазикот, но не и литературата, иако според концептот, Програмата за VI одделение во деветгодишното основно образование содржи посебен дел, наречен *Литература и лектира.* Во секој случај, можеме да зборуваме за тоа дека во предметната настава во основното образование се предвидуваат часови на кои наставникот, заедно со учениците треба да реализира поголем број **образовни** цели, односно цели кои се однесуваат пред сѐ на стекнување знаења во врска со литературната уметност, односно со теоријата на литературата и литературно-теориските поими, како на пример: Да ги разбира разликите меѓу литературните родови; да ги препознава литературните родови по надворешните карактеристики; да ја согледа спецификата на драмскиот текст во однос на епиката и лириката; да преобрази драмски извадок во раскажувачка форма; да ги препознава дијалозите и монолозите во извадоци од драмски текст; да учествува во дискусии како комуникациски дијалог; да ја воочува разликата меѓу дијалогот во творба и дијалогот во комуникацијата; да ги препознава видовите лирски песни според мотивите; да коментира преплетување на мотивите во лирските творби; да твори лирски творби на дадени (или самостојно одбрани) мотиви; да ги усвои стилските фигури; да ги препознава и посочува во текстови; да умее да дава сопствени примери; да ги открива лирските и епските елементи во творбите; да го дефинира овој вид поетска творба.

Ситуацијата пак во средното образование е малку поинаква. Од наставната програма може да се види дека на литературата ѝ е „зададена огромна задача", а тоа е дека само во I година, низ пресек на еден огромен временски простор, учениците треба да се здобијат со многу податоци, информации, што ќе рече „знаења", што може да се види од поставените цели, како на пример: Да умее да ги дефинира белезите на Хомеровиот еп врз соодветни фрагменти од „Илијада" и „Одисеја" и да ги забележува заедничките белези на овој еп со „Гигамеш"; да ја разбере дефиницјата на старогрчката драма и нејзината поделба на видови; да го разбере митолошкото политичкото и општественото значење на старогрчката трагедија; да ги знае основните параболи, мудри изреки; да направи споредба на евангелија од Новиот завет и да ги пронајде заедничките мотиви кои се раскажани на различен начин. Во учебникот за I година, според наставната програма, застапени се литературните текстови: „Рубаи", извадоци од Махабхарата, Рамајана, песни од најстарата кинеска и јапонска литература, текстови со најважните старогрчки митови (Грејвс, Китевски, Шваб), како и претставници на староримската литература, средновековната/старословенска литература. Своите систематизирани знаења за словенската писменост, ученикот треба да ги постави во западноевропски средновековен контекст пред сѐ од аспект на литературата, потоа да знае основни податоци за животот на Кирил и Методиј итн. итн.

Иако, тенденциите на современото образование се во насока на здобивање вештини/способности може да се забележи, и од општите и од посебните цели, предвидени со наставната програма дека акцентот е ставен на **<u>усвојување, запознавање, разбирање, правење разлика</u>** итн. Секако дека за **<u>да умееме</u>**, треба прво **<u>да знаеме</u>**, но овде се поставуваат повеќе прашања од чиј одговор зависи дали ќе знаеме и умееме да воспоставиме систем во кој знаењата и способностите ќе се испреплетуваат, така што ќе се создаде парадигма составена од образовни и воспитни цели, кои треба да се реализираат низ образовниот процес во кој на воспитниот дел од овој процес нема да се гледа единствено како на етичка компонента, туку и како на можност за развој на естетскиот, социолошкиот и интелектуалниот сензибилитет, што е неразделен дел од целиот образовен курикулум, односно како дел од curriculum vitae, каде што на ученикот ќе се гледа како на субјект кој умее да мисли и да дејствува самостојно во рамките и на училишната заедница и во општеството воопшто.

Прашањата на кои научните и стручните работници на полето на образованието треба да одговорат се следните: ***што? кому? зошто? кој? со што?*** и, секако на централното прашање ***КАКО*?** На прашањето ***што*** – одговорот е: содржините на предметот македонски јазик и литература; на ***кому*** – учениците; ***зошто*** – за да се реализираат образовните, воспитните и функционалните цели на наставниот час и на наставата воопшто, ***кој*** – наставникот и ***со што*** – наставните средства. Сите овие прашања се синтетизирани и насочени кон изнаоѓање на начините, патиштата, формите, средствата и

принципите преку кои ќе се реализираат содржините на наставната програма, односно кон пронаоѓање на одговор на прашањето ***КАКО?*** Не дека досега не се барале одговорите на овие прашања и не дека методичката наука нема одговорено соодветно и квалитетно, туку дека со постојаните промени, реформи и нови барања од образованието воопшто, се менуваат и се бараат постојано нови и нови одговори. Исто така треба да бидеме свесни за тоа дека утилитаристичките цели, што се поставуваат денес, како што е *Образованието е сила, образованието е моќ*, не се доволни за мотивирање на новите генерации да „го засакаат" учењето. Што е потребно, конечно да се случи тоа? Ќе се обидеме да дадеме неколку одговори, како наше видување за решавање на проблемот, а тоа се:

1. Спирално конципирање на содржините по литература и нивно меѓусебно поврзување;
2. Избор на конкретни автори и нивните литературни дела во програмата за VI одделение и во програмата за I година на средното оберазование, со цел учениците да се здобиваат со кумулативни знаења и способности за спознавање на литературата, но пред сè за себеспознавање низ процесот на литературното воспитание и образование[i], како можност и цел за емоционално описменување;
3. Ослободување на наставните програми од литероцентризмот, што значи „градење на естетички концепции исклучиво врз основа на книжевното искуство, без опфаќање на сите видови уметности" (ЈБ, Естетика, 2008: 7).
4. Воведување содржини во наставните програми кои ќе ја поттикнуваат емоционалната интелигенција и ќе придонесат за емоционално описменување на учениците.

[1] При проучувањето на содржините по литература, се задржуваме на Наставната програма по македонски јазик за VI одд. во основното образование (деветолетка), поради тоа што во шесто одделение започнува предметната настава, кога во рамките на предметот Македонски јазик, учениците би требало попродлабочено да се запознаваат со литературата од теориски и историски аспект. Исто така, за нашиот предмет на интерес беше важно да ја разгледаме и Наставната програма по македонски јазик и литература за I година на средното гимназиско образование, за да укажеме на спиралното програмирање на наставата по македонски јазик и литература и, особено на потребата за поврзување на содржините од основното и од средното образование, на начи кој би значел утврдување, проширување и дополнување на стекнатите знаења и особено вештини од основното со средното образование.

[1] Овде можеме да додадеме дека треба истото да се направи и со содржините по литература за VII одд. и II година, VIII одд. и III година, IX одд. и IV година на средното образование.

## 2. ЗА ЕМОЦИОНАЛНАТА ПИСМЕНОСТ И ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Уште одамна се зборува дека висината на коефициентот на интелигенција (IQ) покажува само за тоа колкав коефициент на интелигенција ќе постигнете на тестовите по IQ и дека со успехот и задоволството во животот нема баш некоја врска. Поради тоа се појавува нова мерка – емоционалната интелигенција (EQ). Едноставно кажано, емоционалната интелигенција (EQ) е способност за препознавање на чувствата, нивното јасно идентификување, разбирање, способност за контролирање и користење за изразување на мислите. Само по себе е разбирливо колкава улога имаат чувствата во носењето со секојдневните ситуации, комуницирањето со други особи и најважно, колкава улога имаат тие во донесувањето одлуки, кои секако се надградба на когнитивната интелигенција (IQ). Па така, во иднина, кога ќе се определуваат општите цели во наставните програми, сметаме дека тие би требало да се дополнат со цели кои се однесуваат на развојот на индивидуалните способности на детето/ученикот. Ќе наведеме само некои од целите, што би требало да се додадат во наставните програми, а „ги позајмуваме" од неколку битни компоненти што се карактеристични за емоционалната интелигенција. Тоа се следниве:

1. Самосвест – способност за „читање" на сопствените емоции воопшто и при интерпретацијата на даден литературен текст;
2. Индивидуално донесување одлуки – проучување на сопствените постапки и познавање на последиците;
3. Управување со чувствата – спознавање на основата на определени чувства;
4. Емпатија – разбирање на туѓите чувства и почитување на разликите во мислењето;
5. Комуникација – да се разговара за чувствата со разбирање и да се биде добар слушател;
6. Самооткривање – разбирање на потребата за отвореност и доверба – да се научи кога и како да се зборува за своите чувства;
7. Проникливост – препознавање на моделите во личниот и во живото на другите луѓе;
8. Самоприфаќање – да умее да ги прифати своите маани, но и да умее да ги цени своите доблести;

9. Лична одговрност – да презема одговрност и да умее да ги препознае последиците на индивидуалните одлуки;
10. Самоувереност – да умее да ги изложи своите грижи и чувства без лутина и пасивност;
11. Групна динамика – да спознае кога треба да следи, а кога да биде водач;
12. Да се оспособи за решавање конфликти и да прави компромиси.

Сакаме овде да нагласиме дека делот *Литература,* во наставните програми за основното и за средното образование не треба да се занемарува, не само поради фактот што со определените цели претставува предмет на проучување, а со тоа и стекнување определени знаења за неа, туку пред сè поради тоа што сметаме дека литературата е оној наставен предмет преку кој можеме да дојдеме до остварување на естетска комуникација и интеракција со светот на делото и светот на детето/ученикот, а од друга страна најмногу нè доближува до целта за постигнување емоционална писменост и развивање на емоционалната интелигенција, или интелигенција со срце.

## 3. УЛОГАТА НА ЛИТЕРАТУРАТА ЗА РАЗВОЈОТ НА ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА – ИНТЕЛИГЕНЦИЈА СО СРЦЕ

Писателите директно или индиректно влијаат врз читателите, со оглед на нивниот избор на наративната постапка, правењето заплет, на употребата на интертекстуалноста, на изборот и креирањето на ликовите, литературните средства, јазикот и версот. Литературата за деца и млади која е посебна, и по своето место и по својата функција како дел од литературната уметност, е незаменелив инструмент во функција на естетскиот развој на детето/ученикот, односно во формирањето свест за убавото, како и во формирањето позитивни модели на размислување и однесување. Таа претставува специфичен медиум за комуникација, базирана на способноста на нејзиниот реципиент за активно учество во чувствата и впечатоците (способност за емпатија), како и неговата верба во одредени принципи или идеи, кои го доведуваат до чувството на припадност на заедницата. Знаеме дека функциите на уметничкото дело, без оглед на формата или жанрот се потврда и сведоштво за имагинативниот свет на човекот. Токму поради своите изразни способности и моќ да влијаат врз поведението на реципиентите, уметничките дела ја задржале хуманистичката димензија на комуникацијата, а ова пак од своја страна ја потврдува нашата теза дека предметот *Литература*, е најблиску до целта што треба да си ја поставиме денеска, а тоа е дека преку соодветен избор на теми и мотиви, што значи внимателно избрани содржини во наставните програми, но и добро осмислени методи, ќе ја поттикнеме емоционалната интелигенција. Ова исто така значи дека наставниците треба повторно да ја најдат својата традиционална улога и членовите на заедниците да почнат повеќе да учествуваат во работата на училиштето.

Според Гоулман (Goleman) емоционалната интелигенција ја сочинуваат некогнитивните способности, компетенции и вештини кои влијаат на способноста на индивидуата да се носи со барањата и притисоците на околината. Емоционалната нтелигенција делумно се стекнува генетски, но значаен дел низ процесот на учењето. Таа претставува систем од повеќе способности – способност за саморазбирање, самоконтрола, самоувереност, способност за емпатија. Емоционалната нтелигенција не е спротивна, туку само комплементарна способност во однос на рационалната интелигенција. Накусо дефинирана, емоционалната интелигенција е способност да се забележат емоциите, да им се пријде и да се предизвикаат, за да помогнат на процесот на мислењето. Во суштина, емоционалната интелигенција ја опишува способноста за ефикасно одржување на врската меѓу емоциите и мислењето, да се употребат емоциите за да се олесни расудувањето и интелигентно да се расудува за емоциите. (Salovey i Mayer, 203)

Во оваа смисла, моќта на комуникацијата зависи од способноста да ги репродуцираме сопствените мисли и чувства кај другите. Тоа, пренесено на нашиот предмет на обработка за улогата на естетиката на комуникацијата низ призмата на содржините по литература во наставните програми и изборот на авторите и литературните текстови, ќе значи создавање вистински „линк" помеѓу соодветниот текст и читателот/ученикот, како еден вид повратна врска за меѓусебна интеракција и за градење на емоционалната писменост, како дел од „општата писменост" (= на способност за читање на пишаната уметничка литература). За пренесување на знаењето, за решавање на проблемите со другите, за градење на задоволувачки врски – накратко, за постигнување емоционална писменост, неопходно е комуникацијата да се одвива во двете насоки: читател – дело и автор – читател. Во книгата на д-р Клод Стајнер „*Емоционална писменост* – интелигенција со срце" се среќаваме со два клучни концепти: *концептот за его состојби*, особено за внатрешното „природно Дете", кое е изворот на нашиот емоционален живот; и *концептот за „контакти"* (= на изразување внимание, давање комплименти). Ако го прифатиме тврдењето дека во секоја „нормална" личност постојат три дела или три посебни

начини на однесување: **Возрасен**, **Родител** и **Дете**, („его состојби“), тогаш ВОЗРАСНИОТ е рационалниот „човечки компјутер“, РОДИТЕЛОТ се состои од еден збир на заштитни ставови во врска со луѓето, а ДЕТЕТО е креативниот и емоционалниот дел од личноста. (К. Стајнер, 2006: XXIX ). Мнозина веруваат, и уште исто толкумина се согласуваат дека токму „делот“ кој се однесува на ДЕТЕТО во човековата личност е „заслужен“ за создавање дела со вистински уметнички вредности, кои најуспешно умеат да создадат естетска комуникација, не само со читателот – дете, туку и со читателите од различни возрасти и социјални групи. Токму затоа, сметаме дека литературата, а особено онаа литература што ја нарекуваме литература за деца и младина, а е вградена во наставните програми по македонски јазик и литература, може да послужи како поттик за хуманистичка и социјална интеракција и комуникација меѓу децата и воопшто меѓу луѓето.

## 4. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Освен обуките на наставниците за остварување на воспитната компонента на образовниот курикулум, сметаме дека неопходна е и обука за прифаќање на еден кај нас, нов концепт за емоционално описменување и поттикнување на развојот на емоционалната интелигенција, не само кај учениците од помала возраст, туку низ целиот систем на образование. Воведувањето на емоционалната писменост ја проширува нашата визија за задачите на самите училишта, поради што тие стануваат поекспилицитно општествено средство за грижа за тоа децата да ги научат овие животни лекции, што би претставувало враќање на класичната улога на образованието. Таквата поширока улога бара, покрај сите специфичности на наставната програма, користење прилика, како внатре во наставата, така и надвор од неа, да им се помогне на учениците, моментите на својата лична криза да ги претворат во лекции за емоционални способности. Таквата програма дава најдобри резултати, кога постои координација помеѓу лекциите научени во училиштето и она што им се случува на децата дома.

Само на овој начин и преку соодветните содржини по македонски/мајчин јазик и литература во наставните програми, ќе ги постигнеме оние воспитни цели кои ќе ја одиграат вистинската улога на образованиот систем - да биде место, каде што нашите деца, освен научните/образовните, ќе ги совладуваат и животните лекции.

**ЛИТЕРАТУРА**

Борев, Ј. (2008). *Естетика,* (превод од руски Тосева Л.), Скопје, Македонска реч.
Виготски, Л. (1975). *Психологија уметности*, Београд, Нолит.
Goleman, Daniel (1997). *Emotional Intelligence: Why It Can Matter More Than IQ*. (preveo s engleskog Bilčić, D.), Zagreb, Mozaik knjiga.
Димова, В. (2007). *Литературното дело и рецепиентот*, Скопје, Македонска реч.
Димова, Виолета (2012) *Естетиката на комуникацијата и литературата за деца*, Скопје, Македонска реч.
Николић, Милија (1988) *Методика наставе српскохрватског језика и књижевности,* Београд, Завод за уџбенике и наставна средства.
Стајнер, К. (2006) *Емоционална писменост: интелигенција со срце*, Скопје, Магор.
https://hr.wikipedia.org/wiki/Emocionalna_inteligencija
http://bro.gov.mk/docs/Nastavni%20programi%20VI%20odd.pdf
http://bro.gov.mk/?q=gimnazisko-obrazovanie-nastavni-programi